АМБАСАДОРОТ ВО АВСТРАЛИЈА, СТОЈАНОВСКИ, ИМ КАЖА ФАЛА НА ЈУНАЦИТЕ ОД "ЗЛАТНА БУБАМАРА"

# Перо честел ручек за швалерската афера



*Ранко Петровиќ, Перо Стојановски, Сашко Коцев и Илија Деспотовски скроиле нова љубовна афера за новата "Бубамара"*

Австралиско-новозеландскиот амбасадор Перо Стојановски го честел актерот Сашко Коцев ручек, бидејќи сакал да му се заблагодари што лани посветил дел од "Златна бубамара" на неговиот швалерски скандал. Стојановски го гледал исечокот каде што водителот Сашко раскажува за скандалот и украдениот лаптоп на Интернет и многу му се допаднале коментарите за неговата швалерска афера, па изразил желба да чести ручек и да ѝ честита на екипата на "Бубамара" за хуморот.

На ручекот, амбасадорот признал дека пред да го гледа клипчето на Јутјуб, првин се прекрстил, а потоа со денови ем се крстел ем слатко се смеел.

Ранко Бубамара, Сашко Коцев и Илија Деспотовски, задолжени за хуморот на "Бубамара", му раскажале дека текстот го подготвувале на истата маса на која дента седеле и дека им е драго што му се допаѓа.

Годинава, јубилејната 15. "Златна бубамара" ќе се одржи на 23 февруари.

***(В.М.)***